СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË SEVERIT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено Pranuar: | 01-04-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Viera |
| 03 | 1291/1 | | |

До: Државна комисија за спречување на корупцијата

[redacted]

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме, да ни ги доставите следниве информации, одделно за секоја година и тоа: за 2022, 2023 и 2024 година (заклучно со 1 април 2024 год.):

1. Во колку предмети сте обезбедиле податоци од Регистарот на вистински сопственици?
2. За колку лица се однесувале обезбедените податоци од Регистарот на вистински сопственици?
3. На кој начин ги обезбедивте податоците – со директен пристап до Регистарот на вистински сопственици или посредно, преку Централниот регистар?
4. Колку иницијативи сте доставиле до Управата за финансиско разузнавање во врска со член 130 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам?
5. Во колку случаи, по утврдувањето на вистинскиот сопственик, сте се посомневале во веродостојноста на податоците?
6. Колку од оформените предмети за корупција во себе вклучувале податок за вистински сопственици?
7. Колку од оформените предмети за судир на интереси во себе вклучувале податок за вистински сопственици?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Скопје,**

**1.4.2024 година**

[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** Monday, April 1, 2024 1:02 PM
**To:** contact@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за пристап до информација од јавен карактер
**Attachments:** 1.1 Државна комисија за спречување на корипцијата 1.pdf

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме Барање за пристап до информации од јавен карактер.
Со овој меил сметаме дека Барањето за пристап до информации од јавен карактер ви е уредно доставено.
Ве молиме за потврда за прием на истиот.

Со почит,
[redacted]

Бр./Nr. 03-1291/2
18-04-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1291/1 од 01.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted], го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1291/1 од 01.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted], доставено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

***Образложение***

Барателот на информацијата, [redacted] во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-1291/1 од 01.04.2024 година.

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

ДКСК по однос на сите барани информации одлучи на следниот начин:

По однос на бараната информација *„Во колку предмети сте обезбедиле податоци од регистарот на вистински сопственици?"* ДКСК не располага со бараната информација односно не води евиденција за пребарување во регистарот на вистински сопственици, односно доколку се појавува потреба од пребарување на податоци од регистарот на вистински сопственици, овластените вработени во ДКСК ги обезбедуваат тие податоци директен пристап на истиот начин како и другите податоци од Централниот регистар.

По однос на бараната информација *„За колку лица се однесувале обезбедените податоци од регистарот на вистински сопственици?"* ДКСК не располага со бараната информација од причина што не води евиденција за пребарување во регистарот на вистински сопственици.

По однос на бараната информација *„На кој начин ги обезбедивте податоците со директен пристап до регистарот на вистински сопственици или посредно, преку Централниот регистар?"* овластените вработени во ДКСК имаат свој профил преку кој ги обезбедуваат податоците од регистарот на вистински сопственици во електронска форма преку директен пристап.

По однос на бараната информација *„Колку иницијативи сте доставиле до Управата за финансиско разузнавање во врска со член 130 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам?"* ДКСК не располага со бараната информација односно нема поднесено иницијативи до Управата за финансиско разузнавање во врска со член 130 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

По однос на бараната информација *„Колку од оформените предмети за корупција во себе вклучувале податок за вистински сопственици?"* ДКСК не располага со бараната информација од причина што не води евиденција за пребарување во регистарот на вистински сопственици.

По однос на бараната информација *„Колку од оформените предмети за судир на интереси во себе вклучувале податок за вистински сопственици?"* ДКСК не располага со бараната информација од причина што не води евиденција за пребарување во регистарот на вистински сопственици.

Поради сето горенаведено, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Б.А, службено лице,

**Да се достави до:**
- подносителот